ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
АД СКОПЈЕ

КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ 1
1000 СКОПЈЕ

# Извештај за работењето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во текот на 2006 година

**Скопје, Март 2007**

***Вовед***

Во текот на 2006 Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје продолжи со вршењето на своите функции предвидени со Законот за хартии од вредност и Правилата за работа. Во извештајот особено ќе се потенцираат следните активности на Депозитарот во 2006 год:

- Тековно работење на Депозитарот
- Развој на компјутерскиот систем – имплементација на ново софтверско решение за тргување со групните сметки на Учесниците
- Усогласување на работата на Депозитарот со новиот Закон за хартии од вредност

## I. Активности од тековното работење на Депозитарот

Во рамките на тековното работење, во Депозитарот и натаму се спроведуваше непречено утврдувањето и порамнувањето на трансакциии склучени на Македонската берза АД Скопје, водење на индивидуалните сметки за хартии од вредност, спроведување на нетрговски преноси на сопственост врз хартии од вредност и обезбедување на услуги за издавачите на хартии од вредност.

Во текот на 2006 г. со несмален интензитет беа доставуавни и барања за податоци од страна на овластени државни органи и институции, како Комисијата за хартии од вредност, надлежните судови, Антикорупциската комисија, Дирекцијата за спречување на перење на пари, Народниот правобранител, Јавното обвинителстви и Јавното правобранителство.

На почетокот на 2006 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 861 акционерски книги (по ИСИН број), до 537 акционерски друштва.

Непречено се одвиваше и редовното годишно известување на имателите на хартии од вредност со состојба на 31.12.2006 година. И во текот на годината имателите на сметки кои учествувале во трговските трансакции беа редовно известувани за настанатите промени.

Во текот на 2006 година беа извршени и неколку значајни корпоративни дејства на барање на Издавачите – поделба на акции, спојување на емисии, скрип дивиденди итн.

## II. Статистички показатели од тековното работење на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

### 1.Податоци за сопственици на акции и обврзници за денационализација

**Општи податоци**

Табелата содржи податоци за бројот на иматели на акции, обврзници за денационализација и државни хартии од вредност.

| Број на иматели на акции, државни записи, обврзници за денационализација | |
|---|---|
| Домашни физички лица | 177495 |
| Домашни правни лица | 2888 |
| Странски физички лица | 1452 |
| Странски правни лица | 240 |
| **Вкупно** | **182075** |

**Берзански трансакции**

Графиконот содржи податоци за берзанските трансакции со акции и обврзници за денационализација , во текот на 2006 година, по месец.



**Број на берзански трансакции**

Табелата и графиконот прикажуваат податоци за бројот на склучени берзански трансакции по брокерско друштво, во текот на 2006 година.

| брокер | Број на порамнети трансакции по брокер |
|---|---|
| АВ | 2701 |
| ББ | 2292 |
| БД | 6509 |
| БЛ | 1813 |
| ЕУ | 6567 |
| ИЛ | 5144 |
| ИН | 6485 |
| КБ | 21514 |
| МИ | 5141 |
| МК | 4416 |
| ОХ | 2617 |
| ПТ | 2080 |
| СБ | 8838 |
| СЛ | 3565 |
| ТК | 7647 |
| ТН | 9640 |
| ФР | 2815 |



Вкупниот број на порамнети берзански трансакции во 2006 година изнесува 50092.
Следниот графикон прикажува податоци за берзански трансакции по брокерско друштво, изразени во проценти.




Во следнава табела се прикажани податоци за износите на порамнување по брокерско друштво (банка**)**. Податоците се изразени во денари.

| Брокер | Продажби | Купувања | Вкрстрени трансакции |
|---|---|---|---|
| Држава | 6.236.925.206,50 | 0,00 | 10.722.774.012,00 |
| АВ | 169.348.742,50 | 229.050.714,50 | 3.646.257,00 |
| ББ | 357.596.677,50 | 98.736.326,00 | 241.027.168,50 |
| БД | 379.986.373,50 | 242.584.916,50 | 120.057.609,00 |
| БЛ | 285.903.926,00 | 3.853.888.461,50 | 153.462.457,50 |
| ЕУ | 218.256.702,50 | 970.441.946,50 | 55.703.827,00 |
| ИЛ | 317.031.568,00 | 466.668.399,50 | 124.977.346,00 |
| ИН | 389.026.040,00 | 738.118.461,00 | 55.296.525,50 |
| КБ | 1.640.886.891,50 | 3.592.211.224,50 | 1.594.975.056,50 |
| МИ | 1.203.087.650,00 | 514.665.838,50 | 441.692.433,50 |
| МК | 558.220.508,50 | 722.034.455,50 | 363.484.495,00 |
| ОХ | 198.586.793,00 | 131.258.372,00 | 109.163.592,00 |
| ПТ | 218.627.783,00 | 137.145.943,50 | 33.906.865,00 |
| СБ | 824.340.105,50 | 783.404.499,00 | 51.084.615,50 |
| СЛ | 144.818.219,00 | 34.725.896,50 | 401.327,00 |
| ТК | 828.774.822,00 | 288.630.753,00 | 439.211.050,00 |
| ТН | 727.471.643,00 | 1.782.191.758,00 | 333.108.655,50 |
| ФР | 355.309.100,50 | 468.440.786,50 | 735.270.431,50 |
| | | | |
| Вкупно | 15.054.198.752,50 | 15.054.198.752,50 | 15.579.243.724,00 |

Следуваат и графикони со процентуално учество на брокерските друштва.









## Нетрговски преноси

Нетрговските преноси се спроведуваат директно во Депозитарот од страна на операторите на сметки. Овие преноси се резултат на правни дела предвидени со законот како правни основи за нетрговски пренос на сопственост (наследство, подарок, компензација), судски одлуки, но и преноси по известувања на издавачите како корисници на услугите на Депозитарот, по основ на запишани и отплатени или неотплатени акции. Прегледот го прикажува бројот на нетрговски преноси во 2006 г., по месец.



Во графиконот се прикажани податоци за сите спроведени нетрговски преноси по различни основи, од страна на операторите на сметки во ЦДХВ и од страна на брокерите при групни тргувања.

| Година | Наследство | Подарок | Компензација |
|---|---|---|---|
| 2006 | 2006 | 350 | 34 |

Табелата содржи податоци за нетрговски преноси врз основа на подарок, компензација и наследство, на годишно ниво.

**Резервации**

Со цел да се изврши идна продажба на хартиите од вредност, брокерот истите ги резервира, согласно овластувањето дадено од својот клиент, и со тоа се обезбедува дека хартиите од вредност ќе бидат продадени од страна на друг брокер. Графиконот кој следува, го прикажува бројот на регистрирани резервации во 2006 г., по месец.



**Број на резервации по брокерско друштво**

Во следната табела и графикон се прикажани бројот на резервации извршени од брокерските друштва во текот на 2006 година, за секое друштво посебно.

| Брокер | Број на резервации по брокерско друштво |
|---|---|
| АВ | 1219 |
| ББ | 1093 |
| БД | 1817 |
| БЛ | 1050 |
| ЕУ | 7333 |
| ИЛ | 1257 |
| ИН | 2510 |
| КБ | 8538 |
| МИ | 2398 |
| МК | 1652 |
| ОХ | 1161 |
| ПТ | 1169 |
| СБ | 3757 |
| СЛ | 3003 |
| ТК | 3347 |
| ТН | 2166 |
| ФР | 2498 |



**Работа со државни хартии од вредност**

Во текот на 2006 година, Депозитарот ја имаше улогата на Регистар на Државните хартии од вредност, чиј Издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на Примарниот пазар на државни хартии од вредност:

| | |
|---|---|
| **број на емисии на тримесечни државни записи** | 24 |
| **број на емисии на шестмесечни државни записи** | 12 |
| **број на емисии на едногодишни државни записи** | 4 |
| **број на емисии на континуирани државни обврзници** | 3 |
| **вкупно запишана вредност на државните хартии од вредност** | 27.163.970.000,00 денари |

Во следнава табела се прикажани податоци за порамнувањето на трговските трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| | |
|---|---|
| **број на трговски трансакции порамнети во реално време** | 121 |
| **Истргуван износ** | 598.243.749,00 денари |
| **Број на учесници во трговските трансакции** | 8 |

## i. 2 Податоци за обврзници по старо девизно штедење

### Општи податоци

Во табелата која следи се прикажани податоци за вкупниот број на иматели на обврзници по старо девизно штедење, и нови иматели во 2006 година согласно доставените податоци од деловните банки.

| | |
|---|---|
| Број на иматели на обврзници од старо девизно штедење | |
| | |
| Домашни физички лица | 114.573 |
| Домашни правни лица | 280 |
| Стански физички лица | 3.912 |
| Странски правни лица | 9 |
| | **118.774** |
| | |
| Институционални сметки | 40 |
| Број на овластувања во 2006 | 2.706 |
| Број на штедни партии | 147.905 |
| | |
| Нови иматели на обврзници во 2006 год. | |
| | |
| Домашни физички лица | 2.166 |
| Домашни правни лица | 6 |
| Стански физички лица | 309 |
| Странски правни лица | 0 |
| Институционални сметки | 1 |
| | **2.482** |
| | |
| Број на штедни партии 2006 | 2.400 |

### Берзански трансакции

Во следниот графикон е прикажан преглед за берзанските трансакции по месец, и износот на трансакциите во евра.




**Број на трансакции по брокерско друштво**

Во графиконот подолу, прикажан е бројот на извршени трансакции во 2006 г., по брокерско друштво.



## Број на штедни партии доставени од страна на деловните банки во текот на 2006 година

Следната табела и графикон содржат податоци за доставените штедни партии од страна на деловните банки, по месец, за 2006 година.

| Месец | Број на штедни партии | Износ (Евра) |
|---|---|---|
| 01 | 169 | 121.835,30 |
| 02 | 261 | 187.531,30 |
| 03 | 236 | 262.687,00 |
| 04 | 195 | 184.775,70 |
| 05 | 169 | 277.690,30 |
| 06 | 176 | 262.113,50 |
| 07 | 177 | 290.440,90 |
| 08 | 292 | 866.517,50 |
| 09 | 267 | 780.349,50 |
| 10 | 166 | 327.423,00 |
| 11 | 145 | 168.106,80 |
| 12 | 147 | 293.166,30 |
| **Вкупно** | **2.400** | **4.022.637,01** |




Графиконот и табелата прикажуваат податоци за доставените штедни партии од страна на деловните банки, по што се отвораат нови сметки на сопствениците на обврзници.

## Нетрговски преноси на сопственост

Графиконот подолу, содржи податоци за преносите на хартии од вредност на институционални сметки, односно исплати со хартии од вредност кои се исплатуваат на државни институции согласно Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија.




Следниот графикон, содржи податоци за бројот на нетрговски преноси спроведени во Депозитарот врз основа на подарок, наследство, компензација и сл.




## Резервации на обврзници за идна продажба

Следниот, го прикажува бројот на резервации на обврзници по старо девизно штедење, кои ги извршиле брокерските друштва за идна продажба во текот на 2006 година, по месец.



# Број на резервации по месец по брокерско друштво













Фершпед Брокер
Број на резервации
10
8
6
4
2
0
8
6
1
6
3
2
5
1
0
2
2
4
01
02
03
04
05
06
07
08
09
10
11
12
Месец


Мак Брокер
Број на резервации
120
100
80
60
40
20
0
32
47
28
112
58
46
74
39
12
53
34
23
01
02
03
04
05
06
07
08
09
10
11
12
Месец


Комерцијална Банка
Број на резервации
100
80
60
40
20
0
51
60
71
85
83
48
59
50
30
64
41
42
01
02
03
04
05
06
07
08
09
10
11
12
Месец


Инвест Брокер
Број на резервации
Месец
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
2 4 4 5 11 0 1 3 1 1 5 1


Охридска Банка
Број на резервации
Месец
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
20 17 20 29 28 21 20 23 22 20 21 13


Поштел Брокер
Број на резервации
Месец
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
0 2 0 0 0 0 1 0 1 1 1 0


Стопанска Банка
Број на резервации
100
80
60
40
20
0
49 46 51 77 53 39 38 57 16 55 29 32
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
Месец


Силекс Банка
Број на резервации
20
15
10
5
0
8 13 9 13 10 5 15 9 12 7 10 5
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
Месец


ТТК Банка
Број на резервации
20
15
10
5
0
3 3 2 7 15 8 3 4 4 7 7 3
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
Месец


Тутунска Банка
Број на резервации
12
10
8
6
4
2
0
2 4 1 6 10 5 4 1 6 8 5 1
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
Месец










## III. Други активности на Централниот депозитар во 2006 година

Од јуни 2006 година во системот на ЦДХВ се користи новото системско решение за групните/блок продавања и купувања Причини за воведување на овој систем беа:

- Во системот на ЦДХВ е предвидено правата од хартиите од вредност да се на име на сопственикот, се до моментот на нивно продавање или пренесување со некој од дозволените видови нетрговски преноси. Во системот покрај овие видови нетрговски преноси, постои и т.н. префрлање на групна продажна сметка, со цел продавање на хартии од вредност во поголем износ и од повеќе поединечни сопственици. Меѓутоа на овој начин, вистинскиот сопственик ги губи правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, уште пред нивната продажба, како што се правото на глас, правото на неограничено пренесување на хартиите од вредност и други.

- Акционерската книга која се издава од страна на ЦДХВ не ги содржи вистинските иматели на хартиите од вредност, туку на нивно место е регистриран спостевеникот на групната сметка за продавање, т.е. учесникот во ЦДХВ.

Освен овие суштински причини, уште една причина беше олеснување на работата на брокерите со воведување на кориснички ориентиран интерфејс кој овозможува имплементирање на оваа функционалност со најмал можен број на операции.

Со воведување на оваа решение целосно се укина можноста за нетрговски пренос од страна на брокерите и се замени со процедура која се извршува во системот на ЦДХВ.

Подолу се наведени некои показатели за примената на ова системско решение:

| | |
|---|---|
| реализирани групни/блок продавања и купувања | 187 |
| реализирани резервации | 5556 |
| реализирани трговски трансакции со групни сметки | 215 |
| број на различни хартии од вредност во трговските трансакции | 55 |

Во текот на 2006 г. Депозитарот презема и активности за усогласување со Законот за хартии од вредност (Сл. Весник 95/05). Активностите беа насочени кон усогласување на подзаконските акти кои согласно законот беше потребно да бидат изменети и дополнети, додека други акти беше потребно да бидат за прв пат донесени.
Така, беа донесени измени и дополнувања на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност, а како нови акти беа донесени:

- Правила за членство во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје
- Правила за арбитража на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и
- Правила за однесување и дисциплина на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Во текот на 2006 година, продолжи соработката на Депозитарот со:

- Македонската берза за хартии од вредност АД скопје
- Народната Банка на РМ
- Управата за јавни приходи
- Централниот регистар
- Надлежните судови и
- Комисијата за хартии од вредност.

Скопје, Февруари 2006